## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 октомври 2007 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам службите да доставaт точен број на присутни пратеници во салата.

Дами и господа пратеници ја отворам Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јагнула Куновска, Хади Незири, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Али Ахмети, Фазли Велиу, Лилјана Поповска, Веле Митановски, Мирјана Секуловска, Благородна Цветковска, Славица Грковска, Лазар Китановски, Фијат Цаноски, Данаил Дончев, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Андреј Жерновски и Силвана Бонева, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници за да можеме да процедираме со седницата.

Ве молам уште еднаш службите нека установат точен број на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 70 пратеници.

Констатирам дека присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 64-та, 68-та и 72-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од 64-та, 68-та и 72-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за испраќање единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Известен сум дека за минута до две ќе пристигне претставникот на Министерството. Затоа ја започнав седницата дека во најскоро време ќе дојде претставникот. Ве молам, за извинување.

Господине Кире Гештаковски повелете.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине претседателе, додека го чекаме претставникот од Владата, сакам процедурално да ве известам вас и Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Кире Гештаковски:** Сакам да ве известам господине претседателе дека од денес ќе настапувам како независен пратеник, така ќе дејствувам во Собранието на Република Македонија, а ќе ги застапувам политичката програма и платформа на вчера новоформираната партија на Слободни демократи. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Продолжуваме со седницата. Господинот заменик министер е тука. Господинот заменик сега ќе ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледана на оваа седница. Се работи за одлуката за учество во Алтеа господине заменик министре, во Босна и Херцеговина.

**Илјаз Халими:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници се работи за потреба за донесување на одлука од страна на Собранието на Република Македонија за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија, еден медицински тим, за учество во мировна операција на Европска унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР Алтеа.

Се работи за припадници на Армијата на Република Македонија во составот, двајца лекари офицери, еден офицер за логистика, четири болничари и возачи на санитетски возила, подофицери и три медицински сестри цивилни лица, на служба во Армијата. Овие припадници на Армијата, значи оваа единица на Армијата го заменува постоечкиот состав на Армијата што е во Босна и Херцеговина. Значи, се работи за нормална ротација на нашите единици кои се во мировна мисија во Босна и Херцеговина.

Финансиските трошоци за транспорт, сместување, исхрана, гориво и медицински материјал на учесниците во мировната операција од точка 1 на оваа одлука, ги обезбедува Република Македонија, односно Министерството за одбрана. Така што, не се работи за некоја финансиска импликација и сметам дека Собранието ќе донесе одлука за испраќање на оваа единица на Армијата на Република Македонија во оваа мировна операција во Босна и Херцеговина. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Есад Рахиќ побаравте збор процедурално или збор?

**Есад Рахиќ:** Збор.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе, на минатото праќање...

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално, процедурално.

**Есад Рахиќ:** Ајде нека биде процедурално.

**Љубиша Георгиевски:** Затоа што не е отворен уште.

**Есад Рахиќ:** Се извинувам. Тогаш кога ќе го отвориме дневниот ред, ќе побарам збор. Моја грешка е. Се извинувам.

**Љубиша Георгиевски:** И моја.

Двајцата згрешивме. Ако нема пријавени, предлогот на Владата, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници. Сите 68 гласале за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1.Предлог на одлука за испраќање единица на Армијата на Република Македонија, медицински тим, за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР Алтеа;

2. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сротните права, со Предлог на закон;

4.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за електронска трговија, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Државната ревизија. со Предлог на закон;

7. Предлог на закон за земјоделство и рурален развој;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност. со Предлог на Закон;

9. Предлог на закон за земјоделско земјиште;

10. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за Комитет за односи меѓу заедниците, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за престанување на примената на Законот за компензација, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за престанување на примената на Законот за одговорност од нуклеарни штети, со Предлог на закон;

14.Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на штедењето, супституцијата и рационалното користење на сите видови енергија, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за престанување на примена на Законот за определување на градежното земјиште во градовите и населбите од градски карактер, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за повластиците на младината и децата во патничкиот сообраќај, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за определување повластици во јавниот патнички сообраќај, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за Градежната инспекција, со Предлог на закон.

19. Предлог за донесување на закон за престанвување на примена на Законот за единствена евиденција на просторните единици, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за градежното земјиште, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за Законот за упатување лица во меѓународни мисии и меѓународни организации, со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регирстар на други правни лица, со Предлог на закон;

27. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, со Предлог на закон;

28. Предлог за донесување на закон за прогласување на дел од планината Пелистер за Национален парк, со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседател.

Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, пратеничката група на ЛДП на 28.09.2007 година поднесе интерпелација за господинот Рефет Елмази. Според Деловникот односно член 43 требаше субјектот на кој што му е доставена интерпелација да поднесе извештај.

Очигледно дека господинот Елмази во недостаток на аргументи со кои би излегол во одбрана на интерпелацијата, која што беше поткрепена со факти, немаше што да каже и не поднесе извештај и токму поради тоа претседателот требаше да ја стави на наредната седница како точка на дневен ред.

Бидејќи претседателот на Собранието, господинот Љубиша Георгиевски не ја стави на дневен ред со оправдување дека роковите течат, меѓутоа, може да се дополни дневниот ред. За значењето на оваа интерпелација и политичката одговорност која што треба да ја има, да ја понесе господинот Елмази во врска немилите настани во Собранието кои што се случија на 29 септември, не само што на сите ни е познато, туку и меѓународната јавност укажува колку е тоа значајно за да добиеме барем некој позитивне сигнал во извештајот кој што го подготвува Европската унија, кој што треба да стигне многу наскоро за Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници, почитуван претседателе,

За да можеме барем малку да ја поправиме работата после сето она што се случи, дотолку повеќе што имаме и застој во работата на Анкетната комисија кој што требаше да ги утврди настаните кои што се случуваа на 29 септември, а имајќи ги предвид и пораките кои ги добиваме од Европската унија, замолувам да ја ставите точката на дневен ред и тоа да биде како втора точка, со оглед на тоа што сега слушнавме дека има една приоритетна точка за испраќање на единици на АРМ во мировната мисија, што навистина е приоритет за Република Македонија, но од еднкво значење е и оваа точка да се расправа и затоа веднаш по таа точка да ја ставите интерпелацијата на дневен ред. Очекувам пратениците да имаат сенс за Република Македонија, за значењето на политичката одговорност која што треба да ја понесе господинот Елмази и да дадат подршка на интерпелацијата.

Од сето до сега кажано, мислам дека пратениците ќе најдат сила да ја изгласаат точката на дневен ред и тоа да биде како втора точка, да не ни се случува она што до сега ни се случуваше точката да се најде некаде при дното и никогаш да не дојде на дневен ред и никогаш да не дојде на седница.

Доколку почитуван претседателе, ова не се изгласа, за да не земам повторно збор, ве замолувам веднаш, значи во среда, да свиката итна седница и да ја ставите како единствена точка на дневниот ред, како што направивте со вашата интерпелација. Во спротивно, ќе имам впечаток дека многу малку се води грижа за интересите на Република Македонија и дека воопшто само декларативно ни се важни евроатланските интеграции, а ништо не правиме барем малку да ја подобриме лошата слика која што во овој момент ја има Република Македонија во очите на целокупната меѓународна јавност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Јас ги сфаќам вашите аргументи, и оние политичките и оние другите, но должен сум да кажам дека според членот 44 интерпелацијата се става на дневен ред на првата наредна седница на Собранието, по истекот на десет дена од денот на доставувањето на извештајот до пратениците.

Бидејќи ние не добивме одговор од заменикот министер, а оваа седница не е наредната, бидејќи оваа е закажана на 8 октомври, а интерпелацијата дојде на 1 октомври, а нередната седница ќе биде наредната седница, тоа е првиот дел.

За карактерот на таа седница се разбира треба да се седне на координација и да се договори. Како што знаете интерпелациските седници се секогаш предмет на договор на претходно сценарио, бидејќи таков е карактерот на секоја интерпелациска седница, така беше и за мојата интерпелација кога беше ставена на посебен дневен ред. Ако вие инсистирате на тоа да се закаже посебна седница со една точка на дневен ред, што е ваше право, ќе седнеме ќе поразговараме, можеме и за тоа да поразговараме. Но, денес сега да се стави неподготвено вака и надвор од основните правила на Деловникот, тоа не можам да го направам. Значи, таа ќе се стави наскоро. Известен сум од службите дека наредната седница ќе се планира да биде околу 5 ноември, сега за сега, но можеме да седнеме и да разговараме за тоа, затоа што тоа е предмет на разговор. Вие сите знаете дека јас мојата интерпелација една секунда не ја задржав, напротив. Според тоа, немаме никаква причина да правиме некакви специјални одлагања, интерпелација е интерпелација, тоа е еден институт за поздравување и фала богу дека ќе биде. Можеме да го ставиме на дневен ред ова, да го договараме, а вие сега како сакате. Инаку, ако требаше да ја ставам, ќе ја ставев.

Процедурално, повелете, госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Сите мора да признаеме дека има разлика во однос на времето меѓу вашата интерпелација и оваа интерпелцаја. За Република Македонија секој ден е важен, со оглед на тоа дека го чекаме извештајот во овој момент. Меѓународната заедница, претставниците посочија од какво значење е да се понесе политичка одговорност, односно господинот Елмази да одговара за она што се случи во Собранието. Очиглено е дека премиерот нема намера да дејствува во таа насока и токму поради тоа...

**Љубиша Георгиевски:** Немојте сега премиерот, нема никаква ролја, навистина.

**Роза Топузова Каревска :** Ве молам, токму поради тоа да ја ставите, деловничките рокови овозможуваат, прочитајте го ставот 2 од членот 44 дека може да биде ставена како дополнителна точка. Токму поради тоа 5 ноември е многу далеку, почитуван претседателе, за она што има значење за Република Македонија, а не заради нешто друго. Овој пат имаме поинаква ситуација. Имаме настани кои што се случија на 25 септември, настани кои што ги осуди целокупната меѓународна јавност. Не е ова тековна работа и незадоволителни резултати на одреден министер и заменик министер, па да можеме да чекаме, ништо не би променило недела или две. Значи, сметаме дека е од приоритетно значење час поскоро да биде ставена на дневен ред.

Затоа, замолувам да го ставите предлогот на гласање да биде на денешна седница и тоа да биде како втора точка од дневниот ред. Во спротивно, повторно ќе кажам да не земам збор, ве замолувам да свикате итна седница со една единствена точка како што го направивте тоа за вашата интерпелација. Значи да не чекаме на 5 ноември последна точка на дневен ред и никогаш да не стигне на дневен ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ако ме слушавте внимателно, освен оваа иновација сега вашиот предлог да се стави на дневен ред, сето тоа јас го реков. Јас реков дека ги почитувам вашите политички аргументи, со таа разлика што јас не би се впуштил во напуштање на презункцијата на невиност додека работи Анкетната комисија, да не прогласуваме виновни ние. Затоа имаме Анкетна комисија.

Според тоа, ако инсистирате да го ставам на гласање вашиот предлог, јас го ставам предлогот на гласање втора точка на денешниот дневен ред да биде интерпелацијата на господиниот Елмази.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 19, воздржани нема, против 45.

Според тоа, констатирам дека предлогот не е усвоен.

Сега има збор господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Почитуван претседателе и почитувани колеги,

Мојот предлог за дневниот ред се базира на членот 65 од Деловникот, каде што пишува дека дневниот ред на седницата го предлага претседателот, а го утврдува Собранието. Значи тоа е императивна норма.

И вториот особено важен став, гласи: “Во предлогот на дневен ред претседателот на Собранието ги внесува”, потенцирам, “сите прашања”, се мисли предлози, “што до денот на свикување на седницата” што е тука за 8-ми октомври, “ги доставиле овластените предлагачи”, а овластени предлагачи се Владата, пратениците и десет илјади граѓани.

Почитуван претседател, сакам да укажам на подолготрајната пракса која мислам дека трае веќе година дена или од почетокот на вашиот мандат, да не го почитувате членот 65 од Деловникот и наместо да ги доставувате на дневен ред сите точки кои овластените предлагачи ги доставиле до вас до денот на седницата, вие правите нивна селекција. Јас проверив во мојата архива на седници, има десетина точки на дневен ред предложени од овластени предлагачи од опозицијата кои вие се уште не сте ги ставиле на дневен ред, вклучувајќи ја и денешната седница.

Сакам да укаж ам на следново:

Во парламентарната демократија и во нашиот систем владеачките партии го имаат инструментот на мнозинството во Парламентот и го имаат инструментот на извршната власт. Единствениот инструмент на опозицијата е да предлага точки на дневен ред во Собранието и свои закони, одлуки, информации и друго со цел да ги промовира и своите политички идеи. Единствената брана на тоа може да биде претседателот на Собранието со тоа што нема да ги става точките на дневен ред, а единствениот филтер во позитивна смисла може да биде исто така претседателот на Собранието кој ќе ги става точките на дневен ред. Во овој случај се работи за првото, вие станавте брана на демократијата за опозицијата во овој Парламент. Вие сте должни тоа да го правите, вие не го правите.

Јас лично ве прашувам вас: што очекувате, каде и како опозицијата во овој Парламент и во државата да ги артикулира своите политички интереси, ако не со предлагање точки на дневен ред, кои вие не ги ставате.

Јас навистина имам, покрај деловничко и по дневен ред, и политичко прашање до вас: кој е вашиот предлог, како да ги артикулираме политичките интереси на опозицијата. Како ДУИ ли? Да напуштаме Собрание? Ние предлагаме точки кои вие ги игнорирате. Вие сте во Уставот и Деловникот единствената институција што води сметка опозицијата да може да предлага рамноправно со другите. Вие тоа не го овозможувате.

Затоа, предлагам господин претседател, на овој дневен ред без никаква дебата да ги вклучите, согласно Деловникот и вашите уставни овластувања, сите точки кои ние сме ги предложиле до почнувањето на оваа седница, односно до 8-ми октомври и да не водиме дебата за тоа. Инаку, ќе ве сметам дека сте еден од оние кои ја провоцира опозицијата да не може да се вклучи во институциите на системот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Вие имате право да ме сметате како еден, двајца, тројца или петмина, тоа е ваше право. Јас говорев овде дека ќе се договориме на координација. Во последно време и за дневните редови разговараме, што е одлично, на координација, меѓутоа, се инсистираше да се стави на гласање тој предлог, за тој предлог се донесе легитимна одлука, никој не го спореше гласањето и не би се враќал повеќе на тој предлог.

Господин Никола Ќуркчиев...

(Пратеникот Никола Поповски реагира со зборовите: "Воопшто не зборував за тоа").

Вие воопштено зборувавте, тоа е јасно.

Господин Никола Ќуркчиев, повелете.

(Пратеникот Никола Поповски реагира со зборовите: "Господине претседателе, ве молам да ми дадете збор по вашето образложение, извртено кажавте").

Јас ви реков, за тоа можеме да разговараме и да се договориме, на дневен ред ставете го на координација како што правиме постојано. Тоа не е прашање кое ќе се решава, затоа што се повеќе, секој случај треба да се разгледа, да се види, да видиме службите дали имаат оправдување што не го ставиле итн, и кога ќе се оделат сите тие прашања, ќе ги собереме, ќе ги ставиме. Воопшто не е точно дека не сум ставал такви прашања на дневен ред. Со ЛДП имавме најмалку две такви интервенции и веднаш ги ставивме на дневен ред. Според тоа, ќе се договориме, на првата координација, ќе го ставиме на дневен ред. Така работиме во Собранието, по договор.

Повелете господине Ќуркчиев.

(Пратеникот Никола Поповски реагира со зборовите: "Ве молам да ми дадете збор по вашето образложение").

Што, сега ќе полемизираме? Реплика барате на мојата процедурална...

(Пратеникот Никола Поповски и понатаму реагира).

Ништо јас не негирам, ништо.

(Пратеникот Никола Поповски реагира со зборовите: "Ова е само доказ дека тоа што го зборував е така и тоа е доказ за вашата уставна позиција").

Добро, добро.

Господине Ќуркчиев, повелете.

(Пратеникот Никола Поповски реагира со зборовите: "Вие се претворивте во апсолутен владател овде").

Повелете господине Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

(Пратеникот Никола Поповски и понатаму реагира, на што претседателот Љубиша Георгиевски вели: "Не упаѓајте од седиште, ве молам, ви изрекувам прва опомена, втората ќе биде ќе ве исклучам", на што пратеникот Поповски реагира со зборовите: "Па вие сте за опомена лично...".

Реакции и од други пратеници).

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседателе, барам толкување зошто вие на координација или не знам каде сте се договориле спротивно на она што го зборува Деловникот. Имено, уште на 14-ти септември ви е даден извештајот од Комисијата за транспорт и врски, во кој се вели "Врз основа на расправата Комисијата заклучи предложениот закон да биде донесен во две фази и од тие причини му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и усвои само Предлогот за донесување на закон за измени и дополнување на Законот за градење" итн, со што претставникот на предлагачот заменик министерот за транспорт и врски господинот Скендер Палоши се согласи. Тој извештај ви беше доставен до вас и ве молам навистина не ми е јасно зошто пратениците се ставени во заблуда со поставување на точка на дневен ред, ми се чини денес ја спомнавте како точка 21 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градење е со Предлог на закон. Ве молам да ни објасните за што всушност станува збор.

**Љубиша Георгиевски:** Секако ќе го истражам тоа прашање, ќе се консултирам со органите со кои треба да се консултирам и ќе ви одговорам. Во овој момент не можам да ви одговорам.

(Реакции од повеќе пратеници).

Тогаш објавувам 15 минути пауза.

(Паузата започна во 12,35 часот)

(По паузата седницата продолзи во 13,40 часот).

**Љубиш Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со седницата.

Има збор Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе. Почитувани колеги, бидејки Комисијата беше едногалсна, се работело за недоразбирање од страна на претставникот на Владата. Во име на Комисијата која што ме овласти да бидам известител од седницата, барам Собранието на Република Македонија да се изјасни по предлогот на Комисијата овој закон да биде во една фаза, односно денеска да го разгледаме само Предлогот за донесување на закон. Не знам дали

сум јасен. Би замолил сите пратеници да се изјаснат за предлогот на Комисијата за кое што ќе повторам и стручната јавност и сите членови на Комисијата беа едногласни дека овој важен, сриозен закон за една цела гранка во Република Македонија, тоа е градежништвото, треба да оди во една фаза.

**Љубиш Георгиевски:** Предлогот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Формулирајте го предлогот.

**Никола Ќуркчиев:** Уште еднаш би сакал да го повторам предлогот. Предлогот на Комисијата е овој закон да оди во две фази. Ве молам така да се изјасните.

**Љубиш Георгиевски:** Значи, прво да видиме дали имаме доволно пратеници за гласање. Јас ова и ќе го повторам за да биде појасно кој за што гласа.

Уште еднаш го поставувам прашањето по кое ќе се гласа.

Кој е за, законот да се гледа во две фази?

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, 12 пратеници гласале за, воздржано гласал 1 пратеник, против гласале 49 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Процедурално за дневниот ред, пратеникот Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Почитувани присутни, мојата интервенција е предлог за дополнување на дневниот ред. За разлика од вашето доцнење цели 66 минути во почетокот на денешната седница, за разлика од доцнењето на премиерот од цели 105 минути со претставникот од ОПБСЕ, ние бевме овде денес на време, а вие доцневте почитуван претседателе цели 66 минути. И пото аобвинувања, не одела работата.

Мојата интервенција е за дополнување на точката на дневен ред заради законот кој го дадовме на 18 септември 2007 година, Предлог за донесување на закон за социјална заштита од енергетска сиромаштија, со Предлог на закон.

Согласно член 65 од Деловникот на Собранието на Република Македонија од законот по кој вие треба да заботите, а не флагрантно да го кршите и потоа да не обвинувате нас пратениците за некои измислени, или виртуелни работи. Во член 65 став 2 пишува дека во предлогот на дневниот ред претседателот на Собранието ги внесува сите прашања што до денот на свикувањето на седницата ги доставиле овластените предлагачи. Како овластени предлагачи групата од 22 пратеника од СДСМ значи точно пред 34 дена ви доставивме Закон за социјална заштита од енергетска сиромаштија. Многу важен и многу битен закон, бидејки енергетиката во Република Македонија е во тотален хаос. Сите граѓани гледаат и следат во каква состојба се наоѓа приватизацијата на ТЕЦ Неготино, во каква сотојба се наоѓаат хидроакумулационите езера во Македонија испразнети на температура од плус 24 степени. Никогаш во историјата нешто слично не се случило на македонската енергетика, во каква состојба се наоѓа РЕК Битола која не работи после редовен ремонт истиот блок кој беше впрочем криминално изработен, во каква состојба се наоѓа термоелектричната централа Осломеј која 6 месеци се правеше ремонт за потоа да се јават недостатоци во турбината. Во овој хаос во енергетиката предлагаме закон за социјална заштита од енергетска сиромаштија. Предлагаме закон кој го добивте точно пред 34 дена, а кој не го ставивте на дневен ред. Ве молам, дневниот ред да се дополни со оваа точка.

**Љубиш Георгиевски:** Предлогот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 52 пратеника, за гласале 8, воздржани нема, против 44 пратеника.

Ги молам уште еднаш службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата, за да видиме дали гласањето е валидно.

Значи, немаме доволен број на пратеници за валидно гласање.

Ќе се прегласува.

Ги молам пратениците кои до сега беа во салата, да се вратат за да можеме и ова гласање да го направиме на релевантен начин.

**Верица Филипова:** Не е така. Јас не предлагам нова точка.

**Љубиш Георгиевски:** Тогаш е недоразбирање. Ако не предлагате нова точка, тогаш наше е да ви кажеме, по нашиот план на наредната седница оваа точка е планирана.

Во тој случај тоа е мојот одговор на вашата процедурална интервенција.

Ги молам координаторите на пратеничките групи да повелат на кратка координација во Охридска сала.

(Пауза за ручек до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15.07 часот).

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата и да ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

Ги повикувам пратениците кои се во салата да ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

Господинот Игор Ивановски кој е пријавен не е присутен.

Господинот Јани Макрадули исто така не е присутен.

Заменик министерот за одбрана не е присутен.

Госпоѓа Филипова Верица не е присутна.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред? (Нема).

Бидејќи нема, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи гласаа многу мал број на пратеници, ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Бидејќи во салата нема доволен број на пратеници, гласањето ќе го повториме. Затоа ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да го повториме гласањето.

Давам пет минути пауза координаторите да направат напор да ги повикаат пратениците, за да можеме да го гласаме дневниот ред. Ви благодарам.

(По паузата).

Ги повикувам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

Ве повикувам повторно да го изгласаме предложениот дневен ред.

Бидејќи гласале само 52 пратеници, ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Во моментот на гласањето имаше само 60 пратеници, така што уште еднаш ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање на дневниот ред.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, предлогот на дневниот ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник гласаа 60, од нив49 гласале за, нема воздржани, против 11.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за испраќање единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на одлуката гласале 60 пратеници. Од нив 59 гласале за, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Иако очекував дека претседателот на Комисијата за избори и именувања ќе даде еден вид, макар и кратко образложение за составот на овој предлог, сакам да истакнам дека овој Совет има исклучително битно значење од проста причина што неговата работа во голема мерка директно да детерминира работата на Државниот завод за статистика. Ова наименување на претседател и членовите на Комисијата не треба да го сфатиме само како техничко или формално запазување на обврската на Собранието, туку да дадеме и одредени насоки, со оглед на тоа што Собранието преку овој Совет за статистика има улога и учество во креирањето на политиката, политиката не во смисла како што ВМРО-ДПМНЕ ја сфаќа, влијание на партијата во Заводот за статистика, туку генерално, работата на институцијата во делот на статистиката. Од друга страна има и контролна функција.

Ова го кажувам од причина што една многу битна институција што е значајна не само во делот на економијата, не само во делот на земјоделието, не само во делот на индустријата или сите останати стопански и нестопански гранки, туку што претставува еден вид на репер како институција за тоа како Република Македонија прогресира или не напредува кон Европската унија и НАТО, со оглед на тоа што оваа институција е директно под мониторинг од страна на Европската комисија, од тие причини не треба туку така лесно да се откажеме од нашата обврска, пред се би рекол, а не толку право, да дискутираме и расправаме кога станува збор за работењето на Државниот завод за статистика. А, во кој што, согласно одредени законски реШенија, ќе има свое влијание како наредбодавател, но и како контролор Советот за статистика на Република Македонија.

Бидејќи во составот што ни е предложен од Комисијата за избори и именувања немаме податоци, барем ова јас што го имам пред себе, за движењето во кариерата на предложените кандидати, јас лично, на пример, од нив познавам

само двајца. Доцентката од Економскиот факултет, за која можам да се изразам екстрмно позитивно и градоначалникот на Општина Крива Паланка. За него исто така можам да се изразам позитивно. Останатите не ми се познати. Не сакам априори да влезам во анализа на тоа дали доминантен дел претставува можеби желба на ВМРО-ДПМНЕ или на нивните коалициони партнери.

Но, мислам дека при донесувањето на одлуката, мислам дека таа ќе биде позитивна за овој Совет за статистика, Собранието на Република Македонија има обврска да, како во стилот на Љубиша Георгиевски, ја опомене еднаш, два пати, или три пати за да на крај донесе, можеби во одредена ситуација и заклучок да државниот завод за статистика престане да работи по диктатот на Владата на Република Македонија или партиите кои во овој момент ја сочинуваат Владата на Република Македонија.

Ова го кажувам од проста причина што во изминатава година дена Државниот завод за статистика влезе во една определба на фингирање и штимање на основните економски показатели и податоци за сметка на она што треба согласно законот да го прави, а тоа е објективно претставување на ситуацијата.

Дополнително има и други слабости со кои Советот за статистика ќе треба да се позанимава. На пример, како е спроведен последниот попис во земјоделието на Република Македонија. Оние податоци со кои може да се располага, дури и од страна на медиумите, значи ништо повеќе од тоа, може да покаже дека Заводот за статистика е една многу сериозна операција што не е само статистичка. Тоа е пописот на земјоделието не е спроведен на начин што ќе гарантира објективна статистичка маса од која што понатаму ќе се извлекуваат и носат одредени заклучоци.

На пример, во пописот на земјоделието, сметам дека не се добија податоци што се до крај релевантни. Тоа ќе претставува проблем, на пример многу конкретен и практичен, но за жал во Македонија тој проблем ќе се јави понатаму, бидејќи во вој момент сме сеуште многу далеку од Европа, благодарение на оваа Влада, ќе се јави еден проблем да Македонија нема да располага со соодветна статистичка база за земјоделието, а за што ќе треба да аплицира за користење на ИПА фондовите и останатите финансиски инструменти за помош, што ќе и стојат на Република Македонија, нормално, ако сериозно напредува, а не вака шпекулативно или фиктивно, како што во овој момент тоа и се прави.

Советот за статистика ќе треба сериозно да се позанимава во следниот период и да даде одговор на дилемите што во јавноста ги отвораат медиумите, опозиционите партии, но и еконсоните експерти, а тоа е,за мене и за СДСМ нема дилема, но кај оние што има дилема добор е да им се расчисти, до која мера Заводот за статистика ќе продолжи преку менување на разноразните структури на показателите да се обидува да прикажува подобри податоци од тоа што е? На пример, на еден многу сериозен показател, или на еден од клучините, ако не и врвен во делот на макроекономијата, стапката на бруто домашниот производ, имавме ситуација од штелуваната, првично поставена бројка од 8% сега да се спуштиме на бројката помеѓу 4 и 5%. И таа бројка, ако се земе начинот на работа на Заводот за статистика, за жал, во овој момент е поголема.

Но, тоа покажува дека многу сериосна институција одлучи да биде депанданс на Владата и да работи по диктат на владините претставници кои што се политички претставници, наместо да ја спроведува својата, согласно закон утврдена, работа и согласно превземените методологии на европските статистички организации каде што Државниот завод за ревизија е полноправен член.

И Советот за статистика не треба да се сведе само на еден формален орган кој што ќе ги исполни минимум законските обврски каде што членовите и претседателот ќе ги земат своите, дали се паушали, дали одредени финансиски надокнади, не знам, туку ќе треба сериозно да помогне во подобрувањето на работата на оваа институција.

Ја имам еден конкретен предлог до нив да на првата конститутивна седница веднаш го постават прашањето на доверба на директорката на Заводот за статистика, Благица Новковска. Мислам дека на тој начин најдобро ќе помогнат на работата на оваа институиција од проста причина што мислам дека таа е изворот на партиското водење на таа институција, а апро по тоа и на манипулирањето на податоците.

Дополнително, има уште еден критериум врз кои што тие ќе треба, според мене, да ја анализираат работата на сегашната директорка. А тоа е што, според одредени информации кои што се достапни на Заводот за статистика, таа повеќе од половината на своето работно време досега не е присутна во својата канцаларија или во некои ситуации и во Република Македонија. Не може директор на ваква сериозна институција да има мотив како да настапува или да патува подоли временски периоди надвор од Република Македонија и да заработува дневници без при тоа да гледа што и се случува во својата институција. И последниот попис во земјоделите го покажа тоа, каде што за жал, лошиот ситем на менаџирање внатре во институцијата придонесе да работите се прават хаотично импровизаторски и надвор од воспоставената методологија, за да на крајот Македонија, можеби тоа не е толку значајно за колегите пратеници или за некои други, но да има сериозен проблем на база на податоци, статистички егзактно проверени податоци за земјоделието.

Во догледно време, не ја знам точно датата, ќе треба да го повториме и пописот на населението. Ако се уништува начинот на работа на

76/8.-

институција заради партиски потреби дополнително ќе ја уништиме, ќе ја дисторзираме до оној степен до кој што ќе биде многу тешко враќањето назад. Јас навистина не можам да ја разберам потребата на ВМРО-ДПМНЕ да, дирекоторка која што веќе имаше шанса да работи во периодот кога Љубчо Георгиевски беше премиер, да повторно ја враќаат назад, веројатно таа е добра во спроведувањето на партиската домашна задача, но на крајот, тоа се враќа како бумеранг на објективните статистички податоци и се надевам дека овие членови кои ги предлага Комисијата, а за кои што жалам што во одреден дел не се усогласени со опозиционите партии, чисто во смисла  на разговори итн,  дека ќе има доблест и минимум професионалност да во своето работење се води од државниот а не од партиски интерес, доколку постои секако и да во своето работење имаат грижа тоа како Државниот заводот за статистика понатаму ќе функционира. Бидејќи, ако продолжи да работи на начин на кој што досега работеше, ќе значи тотално уништување на оваа институција и нејзино претварање само во обичен и слеп подржувач на моменталните потреби, дали тоа на министерот за финансии, на потпретседателот на Владата, на премиерот, сеедно, за задоволување на нивните потреби, кои што на крајот испаѓа дека се лажни.

Јас не ја чув директорката во една година, да излезе во јавноста и да рече како во најлошиот квартал, согласно економската теорија, наводно се постигнало 8% раст, а во подобриот од тој 4, кога нема никаква економска логика, освен ако не е желбата да се продолжи со концептот на манипулирање на бројките и вадење од ракав, во зависност од  дневната политика која што, за жал, станува се поприсутна како мотив за работење на државните институции.

И во извештајотна Европската комисија, што ќе пристигне за две недели, Република Македонија ќе биде анализирана и за тоа дали институциите се партизирани или не, дали администрацијата е партизирана или не. Се плашам дека доколку постои дел, бидејќи не знам, во извештајот каде што ќе биде тангирана оваа област и материја, дека Државниот завод за статистика апсолутно не може да се пофали со позитивна или преодна оценка кој што на крајот без разлика на тоа дали Новковска работи по еден или друг диктат партиски, сепак таквиот исход иде на негативно конто за целата држава  и воопшто за менаџирањето и работата на многу сериозна институција. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Господине Вељаноски, дали сте за реплика или за збор? За збор, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам потпретседателе,

Да бидам искрен, малку бев провоциран од говорот на Игор Ивановски, во кој што мал дел се осврна на темата која што е на оваа точка на дневен ред. Претежно се осврна на директорката на Државниот завод за статистика.

За да биде појасно пред јавноста, исто така да има одредено објаснување пратеникот Игор Ивановски, би кажал дека составот, персоналниот состав на Советот за статистика на Република Македонија, како стручно советодавно тело на државната статистика, произлегува согласно измените и дополнувањето кои што се направени во Закон за државна статистика. Оваа Влада донесе измени и дополнувања, предложи, Собранието ги донесе, измени и дополнување во Законот за државната статистика во кој што се отргна партизирањето, како што вие кажавте на одредени институции, вклучувајќи го и Советот за статистика.

Во измените и дополнувањто што ги усвои ова Собрание, на седница на 14 февруари 2007 година, не се даде можност, како што претходно беше преку Комисијата за избори и именувања да се поставаат партиски лица, туку со изборите и именувањата стриктно се наведоа и се наведени институциите кои што доставуваат свои предлози до Собранието за членови во Советот за статистика, при тоа водејќи сметка дека тие институции имаат одредени интереси во кои што ќе ги застапуваат преку своите членови во Советот за статистика.

Со оглед на тие измени, во кои не учествуваа ниедна политичка партија, како што вие сакавте да наведете дека требало да бидат овие предлози усогласени со опозиционите партии, во тие измени  е кажано дека даваат предлози Собранието на Република Македонија од редот на вработените, Министерството за финансии, Народна банка на Република Македонија, заедниците на единиците на локалната самоуправа, Економско-социјалнит совет, невладини организации и овластени носители како што се Универзитетот, Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Институтот за географија, Институтот за геологија и други институти кои што се стриктно наброени во самиот Закон. Не знам како ја гледате партизираност во кој што вие кажавте дека се гледа и партизираноста на институциите кои што се прави од Владата и од Собранието.

Зарем овие предлози кој што ги добиваме од овласетни институции, директно посочени, напишани во самиот Закон кои што треба да достават свои предлози, вие ги гледате партизирано? Господине Игор Ивановски, вие одвоивте само двајца од предложените членови кои вие лично ги познавате. Но, не смеете и не би требало да давате етикета на сите други кои што се предложени, затоа што пообјективно составување на ваков состав на Советот за статистика до сега немало и не смее да се дава политичка конотација на нешто кое што со закон е намерно изменето за да не дојде до партизираност како што претходно се правело.

Затоа сметам дека треба да се осврнеме на прашањето на персоналниот состав на Советот за статистика кој што е добиен врз основа на писмените известувања од надлежните институции кои што согласно Законот имаат свои интереси за кооптирање на член во Советот за статистика. Затоа не би требало на секој предлог што доаѓа во Собранието на Република Македонија да се дава политичка конотација, најмалку на овој ваков предлог. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Вељаноски.

Господине Поповски, вие сте за реплика или за збор? За збор.

Господине Ивановски, повелете.

Има реплика господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам.

Како предлагач, господинот Вељаноски ни ја кажа структурата и таа ја гледаме и кога внимателно ќе ја разгледате ќе видите дека од 12+1, 13 члена предлози само ако се земат научните институции каде што патем речено вие ги бирате кои ќе ви дадат, но еве да ги видиме така, или невладините организации, сите останати или Народната банка, да речеме, сите помалку или повеќе се под директно влијание на политиката која во тој момент е дитриминирана од владеачкото мнозинство. Теоретски. Практично јас не можам да потврдам за кои конкретно станува збор.

И треба да се заблагодарите господине Вељаноски ако опозицијата бара објективен пристап за формирање на ваков Совет. Не да се обидувате тоа да го ревилизирате, бидејќи ова е Совет за статистика кој што, реков, има одредена поврзаност и овде во работењето на Државниот завод за статистика. И доколку навистина сакате да прикажете, барем како перцепција јас би сакал тоа да биде факт дека имате идеја да поставите матрица која што нема да биде партиска во работењето на вакви институци, Благица Новковска ниту требаше да бите предложена, ниту пак избрана за директор на Државниот завод за статистика. Покрај толку многу експерти и кадри во оваа држава вие го повторувате изборот за директор на Државниот завод за статистика што во тоа време го постави, не знам, Љубчо Георгиевски, а беа министри други, сега истиот предлог е само од следната генерација на тој начин на раководење се вика Никола Груевски.

Јас за тоа говорам и затоа овој Совет за статистика можеби во нормална средина како што за жал, не сме, ќе нема премногу работа освен во главната насока. Но кога имате ваков Завод за статистика што е директно партизиран тој треба да има сериозна работа за да ги коригира аномалиите и политичките деформитети кои што веќе се направени.Јас апсолутно не реков дека сум априори против самите предлози или против дел од предлозите и сфатете ја мојата дискусија како една порака и апел до нив, бидејќи ќе бидат избрани со ваша подршка, да сериозно си ја сфатат работата и пропустите кои што некој друг ги направил, а лежи во Министерството, во Владата, или во вашата партија, колку толку ги корегираат во работата на Заводот за статистика. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ивановски.

Контра реплика има господинот Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам потпретседателе, кратко.

Значи, и во репликата господинот Игор Ивановски се осврна на директорката на Државниот завод за статистика. Иако точка на дневен ред е Советот за статистика на Република Македонија.

Господине Игор Ивановски,

Вие барем за Државниот завод за статистика, за директор, знаеме дека на секои три-четири месеци ги менувавте директорите на Државниот завод за статистика. Тоа беше ваш начин на размислување како се постапува во врска со директорите на Државниот завод за статистика што дава одредени параметри кои вас не ви одговараа.

Конкретниот случај овде, предлозите се доаѓани од функционерите кои што раководат со тие институции, Народна банка, Министерството за финансии, Економскиот факултет и сите други кои јас ги набројав, Институтот за географија и од таму доаѓаат предлозите и тие со свои членови партиципираат за членови на Советот за статистика за да ги бранат интересите на институцијата која што го предлага тој член.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас сметам дека изборот на членовите за Советот за статистика е многу посериозна работа отколку што и даваме внимание, затоа што е познато дека без соодветни точни статистички податоци политиката на државата е како, да речам фигуративно, гуска во магла. Она е дезорентирана, не знае дали тоа што го прави е добро или е лошо, затоа што податоците за тоа што го прави државата, особено во економската сфера, од статистиката можат да даваат лажни сигнали и лажни знаци.

Советот, согласно со законската поставеност, има важна улога за тоа. Тој треба да биде стручно тело што ќе ги одобрува програмите, што ќе го насочува работењето на Заводот за статистика и ќе се обидува влијанието кое што Владата го остварува во Заводот за статистика, како орган кој е одговорен не пред Собранието туку пред Владата, да го релавитизира преку поширока општествена контрола.

Сега со новиот закон, што господинот Трајко Вељаноски го зема како меѓник зошто се случува ова, всушност е направена грешка. И тогаш упатувавме на тоа, меѓутоа знаете како, прво се

носи закон кој опозицијата смета дека не е добар, тој поминува и после 10 месеци се извршува законот и сега тој станува критериум дека по тој закон требало вакви членови.

Господин Трајко Вељаноски, јас не се согласував ни со системот кој вие сега го зимате како завршен процес, кој вие го наметнавте дека контролата  и насочувањто на работата и треба да биде директон од Владата на Република Македонија, а не од Собранието. И доказот сам го кажавте. Во составот на Советот за статистика на Република Македонија повеќе од половината на членовите ги предлага извршната власт, самата себеси се предлага. Предлага министерот за финансии еден член кој го претставува министерот за финансии, тој не се претставува таму себе и во законот пишува претставник од Министерството за финансии. Претставник од Министерството за економија, претставник од Народна банка, претставник од труд и социјална политика, од Завод за вработување итн,  што значи дека оние што се корисници на некој начин треба со податоците да се раководат во својата работа, сега овде се ставени едновремено и како советници за таа работа.

Само да потсетам господин Трајко Вељаноски, тоа што вие сега го говоревте, дека една од 4-те клучни забелешки зошто две години веќе не можете да постигнете напредок во однос на ноември 2005 година, кога добивме кандидатски статус и не претворивте во држава број еден после Турција зад која има и некои други причини освен овие кои се георгафски и други, ние сме единствената држава која чека две години од станување на кандидат за да започне преговори и немаме се уште каде тоа ќе заврши.

Само да потсетам, една од 4-ти клучни забелешки што се повторуваат секојдневно е партизацијата на државната администрација. И сега таа завршена партизација, дури во Собранието ни ја земате како критериум дека по тој основ треба да се продолжи. Тоа не треба да се продолжи, ова е само доказ зошто ние тапкаме во место. Претставниците на државните институции кои вие ни ги спомнувате како непартиски, вие откога дојдовте на власт сите ги партизиравте. Тоа е целиот проблем. Еве, на пример кажувате претставникот на Економско-социјалниот Совет и од Министерството за економија Киро Спанџов. Мене сега ми е непријатно да зборувам, меѓутоа како пример ќе го земам. Господинот Киро Спанџов е заменик министер за економија, господинот Киро Спанџов е предложен од конкретна политичка партија во овој Парламент. Како тоа мислите не е партизирано. Градоначлаником на Крива Паланка, што ни го дофрла господинот Трајко Вељаноски, е овде еден и единствен и тој е предложен согласен законот од ЗЕЛС, каде што има мнозинство од СДС и предложиле член од СДСМ.

И сега да не продолжам понатаму. Сите се партизирани, еве на пример, имиња да не употребуваме, раководителот на Центарот за вработување на град Скопје, подрачната единица на Агенцијата за вработување, не е партизиран, од кого е назначен, кога е назначен, кој го именувал, дали бил директор на Центарот за вработување? Не бил. Претпоставувам дека некој од овие што седат во првиот ред до и околу Трајко Вељаноски седнале навечем си ги викнале другарите, прво ги ставиле за директори на Центарот за вработување на град Скопје и со тоа ги ставиле во позиција да бидат државни административни работници и сега по автоматизам одат во Советот за статистика. Меѓутоа коренот им е во ВМРО-ДПМНЕ и вие можете за тоа нас да не надгласате, не можете да не убедите, меѓутоа никого надвор нема да убедите. Оли Рен ви повторува на секој трет месец, сте ја партизирале администрацијата и од тоа нема бегање.

Затоа , ќе ни се случува и во иднина, ова што го зборуваше господинот Игор Ивановски, Државниот завод за статистика да прави обиди да ги менува пондерите на индустриското производство во корист на покажување на соодветна структура која не е израз на реалноста. Само да потсетам. По доаѓањето на новата директорка одеднаш ги смени пондерите, учеството во индустриското производство на енергетиката од 18 го спушти на 12, а на обеонеите метали го подигна од 5 или 6 на 12 или 13%. Знаете зошто? Затоа што е видливо дека обоените метали заради цената на светските берзи што се на обоените метали ќе оди нагоре. Во меѓувреме во 2006 година во март и април се стартираа и некои погони што беа рудници за обоени метали и врз основа на тоа сега учеството покажува, иако индустриското производство паѓа во последните 5 месеци и е постојано со негативни знаци, да не зборуваме сега за тоа што се случува, меѓутоа дава крива слика. Сега, ова ќе се реперкуира уште понатмау и понатаму. Затоа, ќе имате податоци за бруто домашен производ во кој во еден квартал имате 7,0%, а во другиот имате половина од тоа 7,0% и тоа со влечење нагоре 3,нешто да се заокружи на 4, што не е точен податок. Тоа луѓето го кажуваат од Статистика. И, сега ние каква статистика имаме? Зарем некој од нас мисли дека економијата во Република Македонија за 50% во квартал варира. Не варира стагнира, ништо не може да мрдне. Меѓутоа, Статистика продуцира податоци. Сега, овие луѓе треба сето ова научно наводно да го озваничат со сите претставници. Претставникот на Министерството за финансии го дал министерот за финансии, тоа по Уставот е партизиран и да не ги набројувам сите понатаму министерства што се овде.

И Уште едно, што за жал, овде нема кој да го каже, а јас ќе го кажам сега, затоа што бев прозиван од господата Стоиљковиќ, Кенан Хасипи и некои други. Еве, јас јавно прашувам, имаме уставни одредби кои викаат соодветна и правична застапенсот во органите што ги избира

Собранието. Кога зборував овде ме нападнаа господата од демократската партија на Србите и Турците, а јас им кажував дека не е битно да се изборите вие , вашиот пратенички мандат да го бетонирате во Собранието уште идните 4 години, затоа што тоа се партикуларни интереси, лични на некој од вас. Битно е да обезбедите Србите, Турците и другите да учествуваат во институциите. Сега, јас јавно го прашувам кого, ВМРО-ДПМНЕ го прашувам, од 13 членови имате предложено 11 Македонци и двајца Албанци. Тоа е правична и соодветна застапеност? Каде се Турците, каде е барем еден Турчин на кого 4 пратеници им обезбедувате во Изборниот закон. Барем еден Србин или барем од сите нив Срби, Турци и Роми да е еден претставник во Советот за Статистика, па еден претставник во некој друг орган.

На крајот на краиштата, господине потпретседателе и Албанците се подпретставени во овој Совет. Од 13 имате два, извадете го самиот процент колку е за вас. Јас се залагам иако сум Македонец, од 13 да имате баре 3-4 Албанци, и уште еден од другите едтнички заедници. Не зашто тоа на мене ми е политичка определба без која не можам да дишам. Заради тоа што мислам дека е подобро во советот за статистика каде што има статистички истражувања, и за населението во Република Македонија помеѓу другото, треба да има претставници на сите заедници штонема да се случи после секој попис или секој објавен податок да викаат дека не е точно дека сме 2,3%, туку ние сме 6,нешто. Бидете таму на лице место и разговарјате за тие пробелми. Меѓутоа, овде тоа не е предложено. Јас се извинувам, меѓутоа од повеќе причини овој совет треба да се повлече и да се преиспита, вклучително и овие кои се, некој ќе ги толкува политички, но тоа е член 8 од Уставот, каде што вели дека Собранието води политика на правична застапеност. Тие што треба ова да го бранат, треба да се овде сега. Гоповикувам господинот Стоилковиќ, господинот Хасипи да дојдат во Собранието и да ги бранат позициите на заедниците кои заедно со мене и со сите нас од оваа страна на Парламентот на изборите излеговме заеднички. Тогаш рековме, гласајте за коалицијата заедно и ќе ги браниме интересите на Турците и на Србите и сега тие ги нема да ги бранат. Меѓутоа, јас сум си ја зел обврската и јас бранам и го повикувам предлагачот да достави амандман или времено да го повлече или пак да одиме на втора точка, па да предложи еден од името на помалите заедници, за што во 13, 10% колку што се помалите заедници е повеќе од еден, меѓутоа овде нема ниту еден и затоа ве молам во оваа дискусија да го имате и тоа предвид а господинот предлагач, кој е случајно предлагач, инаку, тој тука претставува институција која се вика Комисија, а Комисијата ја претставуваат владеачките партииво Парламентот, треба да имаат повеќе сенес, повеќе чувство дека не е доволно да им ветите 4 места за Хасипи и уште 2-3 да седат во Парламентот и во ни една друга институција да нема доволно Турци. Овде е местото за Србите и Турците. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

Реплика има господинот Владимир Ѓорчецв, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Репликата се однесува во делот на она што постојано СДСМ и колегата Поповски го спомнуваат во делот на партизацијата. Секогаш кога некоја работа во Македонија треба да се смени, секогаш кога треба нешто да се промени, тогаш се импутира партизација, партизација и т.н. Веќе е доведено и до ниво на рефлекс.

Првото прашање дали состојбите во Република Македонија се вкупно и генерално лоши, да, состојбите се лоши. Кој ги направил така? Објективната ситуација, околности, географската ширина. Се разбира, најмногу луѓето. Она што не успеав да го направи Република Македонија, го направија Полска, Чешка, Балтичките земји и многу други. Е, сега, кога тие луѓе кои што треба да се менуваат, кога треба очигледно да се менуваат, затоа што објективните параметри и резултати говорат дека треба да имаме менување, тогаш постојано се вели партизација, партизација и т.н.

Имавме земја, тој пример треба постојано да се кажува, каде што бевме на 104 место според индексот на корупцијата. Што значи тоа? Тоа значи дека не е главниот проблем арамилакот, не знам се украл касетофон во некоја кола или се ограбила трафика. Да, тоа е проблем, но за да се биде на 104 место треба да се има корунпирани министри, директори и сето она што го гледавме со династиите во СДСМ. Еве сега констатираме дека и гледаме station наназад години дека имаме проблем во судството. Дали го велите Европската унија да. Дали Оли Рен го вели тоа? Да. Дорис Пак? Да. Сите, освен Ленче Софрониевска. Дали треба да ги менуваме таквите состојби во судството? Апсолутно треба да ги менуваме, затоа што иамме проблеми. Да, во судството имаме луѓе кои што се професионални, кои што се добри, кои што чесно ја извршуваат својата задача. Но, исто така имаме луѓе кои што се неефикасни, кои што системот го расипуваат од внатре. Дали треба таквиот систем да го смениме или треба да бидеме индифирнетни. Токму затоа што сме одговорни кон Република Македонија и кон нејзините проблеми и одговорни пред состојбите кои што се лоши, а сакаме да ги менуваме, треба да одиме со таквите промени. И, не треба обвинувањата да бидат партизација, партизација и партизација, туку напротив адаптирање на институциите и луѓето за предизвиците со кои што се соочува нашето општество. А, кога зборувате за индустриското производство, јас накратко, затоа што времето

минува, ќе ви спомнам за Источна Македонија. Пред една година во Македонска Каменица работеле 250 рудари, сега се 700. Злетово се рестартираше, Тораница исто така, така што мислам дека резултатите во тој дел, во делот на рударството, особено во Источна Македонија се повеќе од очигледни. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Господине Поповски имате една минута контра реплика, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Би било добро да има право по Деловникот уште една контра реплика на мојата контра реплика што ја нема господинот Ѓорчев, за да ги донаброи сите рудници што ги отворивме во 2006 година во Источна Македонија.

Интересно е кога се зборува за династии на СДСМ, се разбира, тоа не може да се документира, меѓутоа сега може да се документираат фамилиите на ВМРО-ДПМНЕ и династиите во судството на оваа власт на чело со ВМРО-ДПМНЕ.

Инаку, во врска со партизацијата на администрацијата, вие можете овде сега да зборувате колку сакате, на 7 ноември ќе го добиете извештајот, во кој е веќе сосема јасно дека имате партизирана администрација. Од петни жили да се трудите тоа да го измените, нема да можете да го смените. Можете нас да не надгласате, ништо друго не можете да направите. Фактот ќе остане таков каков што е.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

Збор има господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Прво, нешто да расчистиме што не им е јасно односно сакаат да го прикажат како нејасно пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. По оваа точка на дневниот ред не е причината смена на постојните членови на Советот за статистика. Тоа воопшто не е спорно. Вие не ги менувате, на нив им е истечен мандатот. Затоа, треба Влатко Ѓорчев да го прочита образложението. Значи, се работи за избор на нови членови, а опозицијата, да појаснам на јавноста реагира и на господинот Ѓорчев дека овие нови што се предлагаат се врз основа на необјективни критериуми, а самите личности се блиски до ВМРО-ДПМНЕ односно ја обвинуваме власта дека ја партизира и оваа институција. Значи, господине Вељаноски како предлагач на Комисијата собраниска треба да знаете дека едноставно не ви веруваме. Не ви веруваме зошто? Неслучајно ја спомнавме госпоѓата Благица Новковска. Затоа што, ако се осмелите на највисоко ниво за директор на Државниот завод за статистика да ја поставите госпоѓата Новковска, во најмала рака контраверзен директор на истата функција во времето до 2002 година кога Љубчо Георгиевски беше премиер, а Никола Груевски минситер за финансии, тогаш што остана за пониските функции. Како од шега ќе ги протнете тие имиња кои се условно во јавноста помалку познати, меѓутоа кои сигурно гравитираат кон ВМРО-ДПМНЕ. На ваков начин ли господине Вељаноски и ВМРО-ДПМНЕ ќе градиме независни, самостојни, непристрасни институции кои ќе го преимнуваат законот подеднакво за сите односно кои ќе работат во интерес на граѓаните, како што ви се полни устите кога нешто говорите за Европската унија. Европската унија не сака вакви подметнувања, подметнувања на луѓе кои ќе им служат на партијата ВМРО-ДПМНЕ, а не на државата Република Македонија. Тоа да ви е јасно. Значи, тешко си на таа Влада на која Благица Новковска ќе и ги формира економските параметри, резултати, достигања и т.н. Впрочем, да имавте успешна економија, резултати успешни, воопшто немаше да ви биде важно ни кои ќе бидат членови, ни критериуми, ниту кој ќе ги предлага на Советот за статистика, а уште помалку кој ќе биде директор на Заводот за статистика. Впрочем, сите заедно овде имавме една ситуација пред неколку недели, пред еден месец и нешто кога цел ден овде опозицијата зборуваше за поставувањето на новиот директор на Комисијата за хартии од вредност Марина Кавракова, исто така од времето на премиерувањето на Георгиевски и министерувањето во Вмровската Влада на Никола Груевски до 2002 година. Истиот случај на партизација. Тоа е теркот, тоа е тенденцијата, тоа е политиката кадровска на ВМРО-ДПМНЕ која повторно ги влече корените од времето од 2002 година и не е ни чудо што ни тогаш, ни сега Република Македонија со таква политика, не само кадровска туку пред се, за жал, економска, затоа што ако имате успешна економија, ќе паднат во вода и обидите на опозицијата што ве критикува за кадрите и т.н., ако вашите кадри работат во интерес на Република Македонија, а не за заштита на партиските интереси на ВМРО-ДПМНЕ. Таков беше случајот и со Марина Кавракова.

Господинот Вељановски како предлагач овде во име на собраниската комисија се повика на Законот. Е, сега Законот, “Службен весник број 20 февруари 2007 година од број 21, кој го донел тој Закон, повторно ВМРО-ДПМНЕ си создала предуслови за да може да си го реализира својот план, претходно да си донесе Закон за по тој терк да си го состави Советот за статистика. И, неслучано, видете кои се луѓето, неслучајно говорам луѓето, станува збор за поединци, макар да се и носители на функции, меѓутоа не се институциите, кои ќе ги предлагаат кандидатите за Советот на статистика. Тоа е се поединци, министерот за финансии, министерот за внатрешни работи. Јас не знам што мајка бара министерот за внатрешни работи, каква врска има да предлага кандидат за Совет за член на Советот на статистика. Министерот за правд,а

директорот на Агенција за вработување, директорот на Фондот за пензиско осигурување, претседателот на економско социјалниот Совет, никаде не сте напишале во овој Закон дека економско социјалниот Совет предлага член на Советот за статистика, туку поединец, директорот или Министерството за внатрешни работи, на пример. Тоа се поединци експонирани партиски од врхушката на ВМРО-ДПМНЕ и сега вие ќе ни зборувате за непристрасност на овие членови што ќе го сочинуваат Советот за статистика. Не може, на крајот на криаштата и господинот Вељаноски да се поставува, криејќи се зад Законот кој самите си го изгласавте, на крајот на краиштата да се повикува на Комисијата за избори и именувања. Не дек ане ја признаваме дека нема легитимитет собраниската Комисија, таа е составена од мнозинство од власта. Кое е тоа независно тело што ги селектира овие предлози дојдени од овие поединци, од овие институции кои повторно ВМРО-ДПМНЕ има поставено свои високи партиски претставници. Значи, се вртиме во круг, се работи за сврзани садови, се работи за смиселн план со кој ВМРО-ДПМНЕ постепено но сигурно ги партизира сите институции во Република Македонија во кои треба да имаат сите граѓани во Република Македонија доверба и кои треба да работат за интересите на Република Македонија. За жал, тоа не е така. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Кондарко.

Бидејки, нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предда го ставам предлогот на гласање, ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата, а истовремено ги замолувам службите да ни достават точен број на присутност на пратениците.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата, да влезат во салата, бидејки во моментот немаме доволен број за изгласување на предлогот.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата, а службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во моментот во салата присутни се 61 пратеник.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, 52 гласаа за, воздржани нема, против гласаа 9 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија.

**Минуваме на точка 3 - Предлог за донесување на закон за авторско право и сродните права, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

Очекував дека за едно вакво прашање претставникот на Владата присутен во салата ќе се јави за збор и пред пратениците ќе објасни кои се причините поради кои се менува и се дополнува Законот за авторско право и сродните права, меѓутоа немавме таква можност.

Јас навистина, кога станува збор за авторското право и сродните права, можам да констатирам дека се работи за исклучително важна материја затоа што овие прашања се прашања кои се поврзани со процесот на евроинтеграција, како прашања од стратешки карактер за интересите на Република Македонија и дека сите активности во изминатиот период и во наредниот треба да бидат во таа насока, значи хармонизација на нашето законодавство со законодавството на Европската унија. Токму со таков изговор се поднесуваат овие измени и дополнувања на Законот, бидејќи тоа е потребно заради усогласување со законодавството на Европската унија. На сите ни е познато дека овој процес не е ни малку едноставен, бара многу време, меѓутоа бара и волја, бара и ресурси. Токму затоа многу е битно како ќе се пропишат нормите на законот за да може да стане збор кај нас за соодветна заштита на авторското право и на другите сродни права.

Битно е усогласувњето заради исполнување на нашите обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, за што сме врзани со одредени рокови. Меѓутоа, навистина не можам да разберам зошто под еден ваков важен изговор, усогласување со законодавството на Европската унија, воопшто Владата не настојувала да ни објасни што е тоа што конкретно ќе се хармонизира, или што е тоа што конкретно нашето законодавство во оваа сфера ќе го хармонизира со законодавството на Европската унија. Прашањето го поставувам затоа што прво во прилог на законот не ни е доставена кореспондентна табела, немаме соодветно пополнување ниту на изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската унија што Владата ја има доставено, меѓутоа најважните одговори од оваа изјава за усогласеност, едноставно ги нема, недостасуваат. Владата не ги потполнила. Значи нема одговорено на прашањето за степенот на усогласеност со други извори на првото на Европската унија, причини за делумна усогласеност или неусогласеност, рок во кој е предвидено постигнување на потполна усогласеност на предлогот на прописот со

правото на Европската унија. На овие прашања овде во изјавата воопшто нема никаков одговор.

Јас би замолила, бидејќи имаме тука присутен претставник од Владата, до колку ги има овие одговори, до колку ги знае одговорите на овие прашања, да не запознае бидејќи како пратеници треба да знаеме, ако нешто усогласуваме до кој степен го усогласуваме тоа и ако се работи пак за делумна усогласеност, кога ќе биде крајниот рок на усогласеност, кога ќе ја постигнеме целосната усогласеност со законодавството на Европската унија. Знаеме дека во сферата на интелектуалната сопственост воопшто ние сме далеку зад развиените земји, но нашиот стремеж како Република Македонија е да се движиме напред, а дали тоа што е наш интерес како пратеници, претпоставувам е интерес на Владата, треба да ни одговори тука присутниот претставник на Владата. Но, независно од ова, јас сакам, пред да преминам на конкретни дискусии по одредени точки, да го кажам и ставот на пратеничката група на СДСМ дека ние ќе го поддржиме овој закон, значи овие измени и дополнувања на Законот за авторско право и сродните права ќе бидат поддржани од страна на пратениците затоа што сметаме дека навистина се работи за важна материја и даваме простор во иднина Владата да го продолжи овој процес на усогласување, а колкава е таа волја на Владата ќе видиме и во иднина.

Без оглед на нашиот генерален став, сепак би сакала да спомнам некои прашања или да изразам одредени дилеми што е тоа што сметам дека Владата можела да го направи подобро од овој закон. Иако имаме опширно образложение на причините, сепак некои клучни работи недостасуваат. Има и прашања кои се од технички карактер, за нив нема да зборувам бидејќи мислам дека треба да овозможат и подобро функционирање во пракса.

Во Предлогот за измени и дополнување во Законот, едно многу важно прашање, а тоа е во случај на поведување на судски постапки за привремени и претходни мерки. Се менува одредбата заради тоа што, знаеме поради донесувањето на Законот за извршување кој веќе повеќе од година дена се применува во Република Македонија, година и половина, престана да се применува поранешниот Закон за извршна постапка каде беа пропишани претходните и привремените мерки, па потоа со едни измени и дополнувања баш во тој дел останаа тие одредби од Законот за извршна постапка, затоа што Законот за извршување нема такви одредби поради неговата поинаква структура.

Ме зачудува фактот што овде во образложението на причините за донесување на законот е наведен и си поставувам прашање дали Министерството за правда и Министерството за култура се министерства кои работат во составот на оваа Влада, или пак се работи за сосема различни органи, за различни државни органи чија работа е целосно независна и кои на сосема различен начин ги доставуваат своите прописи на прифаќање овде во Собранието, затоа што во измените и дополнувањата на Законот се предлага, за постапката по привремени мерки да се применуваат одредбите на Законот со кој се уредуваат мерките за обезбедување, односно привремените мерки, до колку со овој закон не е поинаку определено. Значи имаме еден термин кој е генеричен, не посочува за кои закони станува збор, туку за оној закон кој и да е тој закон со кој се уредуваат мерките за обезбедување односно привремените мерки, под изговор дека за ова требало да се донесе закон, меѓутоа во недостиг на таков закон, еве сега се предлага вакво решение во законот. Навистина се прашувам дали на претставниците од Министерството за култура не им е познато дека пред годишните одмори во Собранието обвде беше донесен Законот за обезбедување на побарувања, посебен закон кој исто така е дел од агендата за Европска унија и за хармонизација на нашето законодавство, со законодавството на Европската унија,токму заради пополнување на правната празнина и дека овој закон ги содржи одредбите кои се однесуваат на мерките за обезбедување и на привремените мерки и е составен дел од позитивното право во Република Македонија.

Наместо оваа одредба што овде сте ја ставиле, сте можеле конкретно да напишете дека за привремени мерки се применуваат одредбите на Законот за обезбедување на побарувања. За да биде јасно во пракса кој е тој закон што се применува на оваа материја. Имавте можност, до колку го видевте тој закон, до колку прво знаевте дека таков закон постои, е дел од позитивното право и одредбите од членот 162 што даваат одредени овластувања на судот при одлучувањето по привремените мерки, да го усогласите, согласно одредбите на овој закон. Но, тоа не сте го направиле. А, поради начинот на кој што се доставуваат законите овде и на кој начин се брза во постапката и предухитрување на пратениците, да им се скрати можноста да поднесуваат амандмани, и нам ни е ускратена таквата можност, иако желбата да помогнеме во дефонирањето, подобро дефинирање на одредбите апсолутно постои.

Потоа, има една одредба што прави сега, како што велите, една исправка во однос на заштитата на авторското право и сродните права како апсолутни права, каде што не постои преклузија на самото право, меѓутоа јас се согласувам дека тоа е така и дека не треба да постои преклузија во заштитата на правото. Меѓутоа, се поставува прашањето со зборовите "освен до колку со овој закон не е поинаку определено". Е сега, во тој случај, правото не застанува, меѓутоа ако има преклузија во однос на правото на заштита, преклузивни рокови за преземање на дејствија за заштитата на правото, тогаш како ќе го остварите

право освен на доброволен начин, ако друг начин не постои.

Сега ќе повторам уште еднаш, прашањето, кои се тие други случаи? Тоа најдобро го знаат претставниците од Владата и оние кои работат во Министерството за култура на оваа материја. До колку таквите случаи е поголем, тогаш навистина ќе се претвори наместо во исклучок во правило и повторно нема да стане збор за заштита на правото, на авторското право, туку поради тие случаи, предвидени во закон, повторно ќе има рокови во кои што ќе може да се заштити правото, а со истекот на тие рокови ќе се губи правото на заштита, што сметам дека не е во согласност со целите поради кои што Законот се изменува и дополнува.

Направени се и други измени што се однесуваат во делот на усогласување на казнените одредби со прекршочните одредби. Иако, во целост, Законот во тој дел е усогласен со Законот за прекршоци, има отстапување и од ограничувањето, согласно Законот за прекршоци, бидејќи може и таму да се зголемат казните. Тоа е добро. Меѓутоа, се поставува прашањето колку ваквиот систем на пропишување на казните и на преземањето, во иднина, на инспекцискиот надзор од страна на Државниот пазарен инспекторат, што го правите согласно овој закон, навистина во пракса е може да стане збор за заштита на авторското право.

Посебно што во образложението на текстот на законот се наведува дека за примена на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства, а се предвидува постапките да се преземаат од Министерството за култура во делот на Инспекторатот, инспекторскиот дел, значи од страна на Државниот пазарен инспекторат. Навистина не ми е јасно, бидејќи тука нема некои посебни одредби што го дефинираат ова прашање колкав ќе биде тој период, како ќе се водат постапките, каква ефикасност ќе се постигне или пак, на крајот, пак ќе се сведеме на голи измени и дополнувања, што треба некому да се прикажат за некој да добие поени. А, се согласувам дека тие поени одат на контото на Република Македонија. Меѓутоа, повторно ќе се постави прашањето на имплементација на законот, колку овој закон во пракса придонесува за соодветна заштита на авторските и сродните права или пак станува збор само за менување на одредби што ќе значат шминка, а во праксата да не постигнеме ништо поинаку.

Овие прашања ги поставив само како дилема, како можност за размислување, за да може соодветно во Министерството за култура, што во иднина ќе биде задолжено за управен надзор над здруженијата за колективно остварување на авторското право и на сродните права, да ги презема соодветните мерки, за да може да стане збор за соодветна заштита на авторските и другите сродни права што ќе овозможат и чија што имплементација, зборувам за имплементација на законските одредби, ќе овозможи Република Македонија да биде оценета позитивно и постепено, самите пред себе да кажеме дека се приближуваме кон развиените земји.

Спомнав дека овој процес, навистина, не е едноставен. Бара многу менување на законите, меѓутоа и конкретно спроведување на мерки и активности. Во таа насока, мислам дека немаме многу време за губење. Напротив, треба покрај измените и дополнувањата на Законот да се преземаат конкретни чекори што ќе овозможат соодветна заштита на овие права.

Овде ќе завршам, со уште еднаш повторување на ставот на Социјалдемократскиот сојуз, дека ние, овој закон ќе го поддржиме. Ви благодарам.

**Бесим Догани :** Ви благодарам и јас.

Има збор заменик министерот за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Благодарам.

Кратка реплика, ова изменување и дополнување, пред се и благодарам на пратеничката за некоја од забелешките, инаку ова изменување и дополнување на Законот за авторски права и сродни права е предвидено во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, измените и дополнувањата, пред се, се однесуваат на Законот за прекршоците. Прекршоците се засилуваат, со што се следат препораките на Европската комисија санкциите да имаат одвратувачки ефект.

Од друга страна, имаме усогласување и со Законот за Државниот пазарен инспекторат. До сега контролата на прометот на авторските права беше поделена меѓу Министерството за култура и Државниот пазарен испекторат во Министерството за економија, што беше многу лошо решение што не постои никаде во Европската унија, ниту во земјите што се околу нас, во регионот.

Значи, сега предлагаме решение каде што Државниот пазарен инспекторат ќе ја преземе таа контрола, а тоа е согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Меѓу другото, зошто се прави ова? Кога имаме прекршоци од индустриска интелектуална сопственост на пример, тие прекршоци се скоро секогаш придружени од прекршоци за авторските права, така што имаме еден принцип кој се сведува на принцип на економичност и ефикасност, заради тоа што Државниот пазарен инспекторат има 150 инспектори и подрачни единици што Министерството за култура ги нема. Од друга страна, во Министерството за култура останува контролата на управниот надзор над институциите на културата. Значи тие две инспекции, тие две контроли треба да се разграничат.

Не би одел понатаму, само би додал уште нешто, а тоа е во Министерството за култура поодамна

се работи на нов закон за авторски права и сродни права, така што сите овие забелешки, сигурно ќе се организира и јавна дебата, ќе се земат предвид при изработка на новиот закон за авторски права и сродни права. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Госпоѓо Младеновска, вие сте за контра реплика, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Токму за тоа сакав да зборувам и зборував, дали само пропишување на поголеми санкции и глоба за сторителите на вакви прекршоци тоа е доволно за менување на Законот. Се согласувам дека треба да се преземаат мерки за јакнење и на специјалната и на генералната превенција со зголемување на глобите значи поостри казни за сторителите на прекршоците, меѓутоа, се сомневам дека тоа е доволна мерка за да може да ги оствари целите кои ги има Република Македонија во однос на заштита на авторските и другите сродни права.

Дали Министерството за култура смета дека е ова доволно за остварување на заштита на правата. Добро е што се работи нов закон, меѓутоа, ако новиот закон повторно се сведе на кабинетско препишување на некои директиви и прописи без анализа на состојбата на теренот, повторно нема да направиме ништо.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Младеновска.

Госпоѓа Анета Стефановска има реплика кон говорот на госпоѓа Младеновска.

**Анета Стефановска:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници, почитувана колешке Младеновска Ѓорѓиевска.

Најпрвин реплицирам на избрзаната ваша дискусија која, пред да слушнете она што ќе каже заменик министерот за култура, вие започнавте со критика на Законот кој значи измена и дополнување на Законот само за прекршоци и Законот за државен пазарен инспекторат.

Очигледно во вашата дискусија, изгледа не сте го прочитале добро образложението, бидејќи Законот на време ни беше доставен во материјалите. Во текстот на образложението пишува дека овие измени и дополнувања на Законот за авторско право и сродните права се интервентни и по определено време ќе следи донесување на нов закон. Вие повторно одите со претпоставка дека новиот закон кој ќе биде изработен можел да биде ваков или таков. Ние не можеме однапред да бидеме прогнозери на она каков би бил новиот закон кога уште не е доставен. Ова се чисто измени и дополнувања усогласени со Законот за прекршоци и Законот за државен пазарен инспекторат.

Инаку , Спогодбата за асоцијација и стабилизација меѓу Република Македонија и Европската заедница и нејзините земји членки предвидоа дека е потребно да се изврши измена и на прашањата за правата на интелектуалната сопственост. Заради тоа се и усогласувањата на овој закон. Мислам дека е доволно јасно и не би требало пред време и пред министерот да претрчуваме и да коментираме она што не ни доликува како пратеници. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Стефановска.

Контра реплика има госпоѓа Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Навистина се чудам и не знам дали колешката беше присутна во салата кога почна претресот по овие измени и дополнувања, јас се јавив за збор и очекував претставникот на Владата, заменик министерот за култура, да се јави, да земе збор како уводничар да не запознае со измените и дополнувањата при што следи интервенцијата и дискусиите од страна на пратениците.

Но, немавме таква можност и кога претставникот на Владата не наоѓа за сходно да се обрати пред пратениците, ние не можеме со сила да го натераме, па тој да не запознае кои се причините за измени и дополнувања по што ги дискутирале. Едноставно, на тој начин, би го загубиле своето право за дискусија, а кога имаме право да дискутираме, кога имаме потреба да дискутираме, тогаш сметам дека ова право треба да го оствариме.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Младеновска Ѓорѓиевска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои слендиот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права.

Пред да ве повикам да гласаме би ги повикал пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, а службите да ни достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Бидејќи нема доволен број на пратеници за гласање, ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Минуваат минути на чекање).

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник, за заклучокот гласаа 58 пратеника, сите 58 гласаа за.

Констатирам дека залучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 58 пратеници, сите 58 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 6 на воведната реченица од став 1, член 7 и на член 8 став 4, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник за предлогот на законот гласаа 60, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права.

**Минуваме на точката 4. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот зо Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за одбрана, повелете.

**Илјаз Халими:** Почитуван потпретседателе,

Оваа точка ја повлекувам од дневен ред од причина, како што знаете, на Комисијата за безбедност и одбрана не поминала. Поминала на Законодавно-правната комисија така што не знам зошто е ставена на дневен ред пред да се консултираме дали да ја ставите или не.

Имав намера да ја повлечам при утврдување на дневниот ред, но дојдов 5 минути подоцна и немав можност тогаш да ја повлечам. Има потреба од усогласување на некои ставови помеѓу Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи.

Токму поради ова сметам дека треба да ја одложиме за неколку дена, па понатаму повторно ќе ја доставиме на разгледување и усвојување оваа точка.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Согласно членот 77 од Деловникот, предлагачот ја повлече оваа точка.

Почитувани пратеници, поради утрешните активности потребно е салата да се преуреди, тука ја прекинувам денешната седница.

Дозволете ми од мое и ваше име на сите граѓани на Република Македонија да им го честитам државниот празник 23 Октомври Ден на Македонската Револуционерна Борба.

(Честитката беше пропратена со бурен аплауз од страна на позицијата, а опозицијата ја напушти салата).

Ви благодарам.

За продолжението на седницата ќе бидете навремено известени.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,46 часот)